UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Кривично право (2022/2023)** |
| Факултет | Правен |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 60 |
| Код | N-MLAWCL60C |
| Титула | Магистер по правни науки / Насока: Кривично право |
| Архивски број на акредитација [60] | 03-1775/1 |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 10.06.2022 |

## Опис на програмата

Целта на студиската програма Кривично право е да се понудат модули кои ќе ја опфаќаат основата на кривично-правните сознанија за приближување кон правничките професиите кои се поврзани со областа на кривичното право и да се обезбедат цврсти, посебни и систематски знаења за институциите и за основите на кривичното право во РСМ како и споредбени сознанија од областа во регионов и во ЕУ.

## Кариера

????????? ?? ???????? ???????? ? ???????? ?? ???????????? ?????? ? ?? ???????? ?????? ?? ???. ??????????????? ?????????? ? ???????? ?????? ?????? ???????? ???????????? ?? ???? ??????. ????????? ?? ???????? ???????? ?? ?????????? ?? ?????????? ??????? ?? ????????? ??????, ??????? ?? ???????????? ??????: ??????? ? ????? ?????????????. ???????? ???????? ??? ???????? ???????? ?? ????????? ?? ??????????? ?? ????? ?? ????? ? ????? ??????????. ?? ?????????? ???? ???????? ? ?? ?? ?????????? ?? ?????? ??????, ???????? ???????? ??? ????, ?? ?????????? ???????????? ?? ???????? ?? ???? ?????? (????????? ??????).

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Има напредни теоретски, емпириски и компаративни знаења за казнено-правните науки како и напредни знаења за законодавството и за судската практика во областа на спречување на криминалитетот.
- Има длабоко разбирање за проблемите поврзани со криминалот и казнените санкции особено во полето на компаративно казнено право и на казнено процесно право, теоретска и применета криминологија и пенологија, организиран криминал и форензични науки (судска медицина, психијатрија и психологија).
- Има специфични знаења за напредни техники и методи на истражување во областа на казненото право и казнената постапка.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Идентификува и анализира комплексни проблеми во областа на казненото право и казнената постапка, така што може да игра активна улога во сите стадиуми на казнената постапка а може да толкува напредни прашања од казненото законодавство (вклучувајќи работење како судија, јавен обвинител или адвокат, откако ќе ги стекне потребните квалификации според законодавство на РМ).
- Го применува знаењето добиено преку истражување во процесот на решавање проблеми преку споредба на практики и решенија во областа на спречување на криминалот.

**Способност за проценка**

- Има поразвиено критичко мислење преку методите на анализа и споредување.
- Развива вештини на решавање проблеми преку практиката на решавање покомплексни случаи од домашната и од меѓународната судска практика и јуриздикција.

**Комуникациски вештини**

- Употребува соодветна терминологија за комплексни и специфични прашања во областа на казнено-правните науки.
- Донесува напредни одлуки и работи непосредно и ефективно во предкривичната и судската постапка.
- Активно се вклучува во научно аргументирање и во дебата.
- Ги употребува официјалните јазици на Универзитетот и има напредни вештини на информатичките технологии во научната работа.

**Вештини на учење**

- Развива правилник за истражна работа кој се употребува во неговата професија.
- Развива практика на продолжено учење ангажирајќи се при тренирање лица кои работат во државните институции за спречување на криминалот.

# Листа на предмети

## Семестар 1

- [CM157] [6.0 ЕКТС] **Кривично право (применета програма)**
- [MCCR2030] [6.0 ЕКТС] **Меѓународно кривично право**
- [MCCR2010] [6.0 ЕКТС] **Пенологија**
- [MCCR2040] [6.0 ЕКТС] **Криминалистика**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

## Семестар 2

- [CM158] [6.0 ЕКТС] **Кривично процесно право (применета програма)**
- [EMSET-304] [6.0 ЕКТС] **Пишување на магистерски труд**
- [CM189] [18.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

# Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Кривично право (применета програма)**
  Со изучување на предметот кривично право студентот ќе се запознае со казнените институти и норми, со принципите врз кои се темели казненото право. Предметот на кривично право, како гранка на позитивното право, претставува систем од норми со кои определени човекови поведенија се прогласуваат за казнени дела, за тие дела се пропишуват казни и други присилни санкции од страна на државата и се утврдуваат условите и начините за нивна примена.

- **Меѓународно кривично право**
  По успешното завршување на предметот од студентите се очекува да имаат стекнато солидни сознанија во однос на: поимите и предметот на оваа дисциплина, нормите во МКП, репресивната власт и јуриздикцијата на државите, екстрадицијата, азилот, трансферот на казнената постапка, казнено-правната помош и соработка,

меѓународниот корпус на човекови права и јуриздикцијата на меѓународните казнени инстанци.

- **Пенологија**
  Цел на овој предмет е да се проучи начинот на кој се извршува кривичното право, односно нашинот на кој се извршуваат кривичните санкции. Предметот ја изучува постапката за спроведување на казната затвор, како и извршувањето на другите не-затворски санкции преку проучување на Законот за извршување на санкциите и Законот за пробација.

- **Криминалистика**
  Специјализација во оваа област е потребна посебно за тие кадри кои ќе работат во органите на правосудство - судови, јавни обвинителства и судска полиција. Криминалистиката како своја основа ги има кривичното законодавство, кривичното процесно законодавство и подзаконските прописи кои произлегуваат од нивното применување. Секое законско битие на кривичното дело вклучува утврдување на целината на фактите и околностите кои се релевантни за сестрано и правично решавање на кривичниот случај.

- **Кривично процесно право (применета програма)**
  Казненото процесно право е научна дисциплина која ги проучува правните норми со кои се уредува положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на процесните дејствија. Предмет на изучување на оваа научна дисциплина е и системот на правните лекови – редовни и вонредни, како и посебните постапки.

- **Пишување на магистерски труд**
  Цели на предметот: - Оспособување за постојано трагање по објективната вистина, посебно во користењето на истражувачките методи, техники и инструменти; - Оспособување за критичко следење и интерпретирање на резултатите од истражување и нивната применливост во специфични ситуации; - Примена на основните методи на истражување, постапките за собирање на податоци и нивната статистичка обработка; - Оспособување за примена на основните методолошки правила при пишување на стручни и научни трудови.

- **Магистерски труд**
  Овој модул им овозможува на студентите да ги пренесат своите вештини и знаења за истражување и за составување на покомплицираната задача - пишувањето на магистерскиот труд. Предметот е наменет да биде целосно практичен и студентите да ги стекнат потребните знаења, способности, вештини и доверба за да пристапат кон истражување и пишување на тезата. Предметов има единствен повратен резултат - да им овозможи на студентите да ја пишуваат магистерската теза со минимални тешкотии и со максимална ефективност. Се што е предвидено е во насока на подобрување на техниките на истражување и на стилот на пишување на магистерската теза водејќи сметка притоа за забраната со служење со недозволените средства како: плагијаторство и повреда на авторските права, кои се забранети со Статутот на УЈИЕ.

## Изборни предмети

- **Криминологија**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат напредни знаење за предметот на проучување на: Криминологијата и главните криминолошки институции, современите проблеми и тенденции како и проучување на влијанието на разните фактори врз извршувањето на кривичните дела, криминолошките испитувања поврзани со сторителот и жртвата на кривичното дело како и идентификување и анализирање на современите криминолошки прашања.

- **Малолетна деликвенција**
  Малолетниците деликвенти се во тесна врска и со другите социопатолошки појави, како: наркоманијата, алкохолизмот и проституција, појави кои денес се шират речиси во секоја земја на светот, а за жал се присутни и во нашава земја. Затоа, основната цел на оваа дисциплина е да се откријат и да се евидентираат новите форми на оваа криминална појава и да се објаснуваат причините за нивно присуство со цел да се предложат соодветни мерки за превенција и репресија.

- **Прекршно право**
  Целта на предметот е студентите да стекнат напредни знаења за прекршочното право како научна дисциплина, за материјалниот и процедуралниот дел на прекршочното право како и за законското регулирање на прекршоците според Законот за прекршоци.

- **Виктимологија**
  Целта на овој предмет е да ја анализира положбата на жртвата на кривичното дело од разни аспекти. Ќе се проучува виктимолошката феноменологија и етиологија, формата, обемот, структурата и динамиката на виктимизацијата, како и разните фактори кои влијаат на неа.

- **Судска медицина**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат напредни сознанија за форензичката наука во однос на кривичните дела против животот и здравјето на луѓето и за основната терминологија која ќе биде како упатство за координација и комуникација меѓу истражните и судските оддели. Преку овој модул студентот ќе биде во можност да ги формулира барањата, налозите и другите писма помеѓу судот и вештаците за судска медицина за издавање наредби за телесна повреда, вештачење, налози за идентификација на живи личности, тела и скелетни остатоци.

- **Организиран криминал**
  Целта на овој предмет е студентите да го збогатат своето знаење за организираниот криминал како поим и феномен присатен во различни општествени сфери.Во тој контекст ќе се анализират елементите што ја сочинуваат криминалната ситуација од организиран карактер, корупцијата како клучен фактор што влијае на овој вид криминал , специјални истражни и други мерки кои влијаат на откривање, документирање и спречување на организиран криминал како и улогата на меѓународната соработка во борбата против организираниот криминал.

- **Семејно насилство**
  Семејното насилство е општествен феномен широко распространета во современото општество. Таа е присутна во сите држави и општества, без оглед на нивниот развој и еманципација. Имуни од овој феномен не е ниту нашата земја, ниту регионот во кој живееме. Затоа, студентите по право преку овој курс се стекнуваат со знаење за тоа што е семејно насилство, облиците во кои се манифестира, законските прописи предвидени во нашата земја, во регионот и во меѓународните прописи како и за начините за нејзина превентива. Студентите на крајот на овој курс ќе бидат во можност да го идентификуваат семејното насилство, да ги идентификуваат кривичните дела инкриминирани во Кривичниот Законик од оваа сфера како и да развиваат критично размислување за оваа проблематика. Овој предмет му овозможува на идниот правник за време на вршење на својата идна професија како судија, обвинител или адвокат да се справи на најсоодветен начин со овие случаи кои имаат голема чувствителност како и да обезбедат соодветна помош и заштита на жртвите на овие кривични дела.

- **Трговија со луѓе**
  Трговијата со луѓе претставува посебна форма на организираниот криминалитет и се карактеризира како ропство на современото време. Овој сериозен вид криминал претставува длабоко кршење на најсуштинските права и слободи на човекот, па затоа е забранет и гонет со меѓународни договори и со национални закони и механизми за сузбивање. Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со напредните теоретски и практични аспекти на овој феномен преку анализирање на најбитните меѓународни конвенции, домашни закони и механизми од оваа област, како и преку разбирање на домашната судска практика што се однесува на случаите со трговија со луѓе. Цели на предметната програма: - Дефинирање на кривичното дело трговија со луѓе; - Идентификување на компоненти на сеопфатна рамка за борба против трговијата со луѓе; - Процена на критичните предизвици во искоренување на трговијата со луѓе во глобално општество.

- **Криминална политика**
  Во овој предмет студентите ќе се запознаат со сите превентивни мерки на криминалитет, предвидени во системот на кривично право во земјата и пошироко.

- **Компјутерски криминалитет**
  Студентите ќе стекнат напредни сознанија за најновите облици на кривичните дела кои се вршат преку компјутерот и преку интернет-мрежите како и за современите начини на спречување на ваквиот криминалитет кој се развива сѐ повеќе во денешните дигитални општества. Ќе се проучуваат кривичните дела од типот на компјутерска измама, фалсификување компјутерски софтвер и други облици на злоупотреба на Интернетот за криминални цели. Ќе се анализира домашното скоро реформирано законодавство, а ќе се добиваат сознанија и за светските стандарди и текови во оваа област.

- **Економски криминалитет**
  Целта на овој предмет е препознавање и анализа на криминалните појави со економски карактер, карактеристиките што го карактеризираат,мултидимензионалното негативно влијание, начините на откривање

и докажување, најистакнатите форми , како и институциите кои на директен и индиректен начин се борат против овој вид криминалитет.

- **Судска психологија**
  Оваа дисциплина има помошен карактер за другите кривично-правни науки со цел психолошко вреднување и оценување на вистината и лагата во судското постапување кон обвинетите, сведоците и другите лица во кривично-судската постапка, преку психолошка оцена на нивните искази и дејствија.

- **Медицинско казнено право**
  Медицинското казнено право претставува посебна област во рамките на медицинското право како посебна правна гранка воопшто, и посебна казненоправна дисциплина. Науката на медицинското казнено право се состои од општ и од посебен дел. Во рамките на општиот дел се изучува системот на медицинското право, изворите, методите, неговото место во општествениот и научниот систем, казненоправната заштита на правата на пациентите итн. Посебните прашања, правните аспекти на различните видови медицински интервенции се предмет на посебниот дел на оваа наука. Такви се: давањето медицинска помош, евтаназијата, абортусот, медицинските вештачења, психијатриската помош, трансплантацијата, лекарските грешки, репродуктивните технологии, клонирањето, генетските манипулации итн. Во рамките на медицинското казнено право спаѓа и материјата на статусот, правата и начинот на постапување со душевно болните лица и генерално, третманот на непресметливите лица, мерките на безбедност, заштитата на физичкиот и менталниот интегритет, заштитата на правото на живот, исклучувањето на противправноста кај лекарските интервенции и сл.

- **Споредно кривично право**
  Во рамките на предметот се проучуваат кривичните системи на различните држави, преку системска анализа на решенијата од кривичните закони во контекстот на постојните општествени услови, фактори, развојните тенденции, новелирањето на кривичното законодавство и неговото хармонизирање со кривичното право во рамките на ЕУ.

- **Европско кривично право**
  Со изучувањето на оваа материја, целта е студентите да се стекнат со знаења за развојот на европското казнено право. Тие ќе се оспособат да ги препознаат корените и основите на новите инкриминации (односно дали тие се резултат на конвенциската активност на Советот на Европа или на правните акти на ЕУ). Натаму, ќе се запознаат со механизмите за судска и полициска соработка во кривичната материја во Европа, како и со предностите и недостатоците детектирани низ нивната практична примена, како и со опсегот на казненоорավната заштита на човековите права во Европа и механизмите за ефектуирање на таквата заштита.